**Република Северна Македонија**
**Општина Крушево**
**Бр. 21-322/4**
**12.03.2026 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 50 став (1) точка 4 и 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 28 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 18 став (1) точка 1 и член 62 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево" бр. 1/07, 16/14, 7/19, 7/20 и 6/25) како и донесената Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2026 година бр. 08-1219/13 од 03.12.2025 година, донесени од Советот на општина Крушево, Градоначалникот на општина Крушево објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

**за организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета за предлог Урбанистички план за село Норово, Општина Крушево (плански период 2021 – 2031 година)**

Се организира јавна презентација и јавна анкета за предлог Урбанистички план за село Норово, Општина Крушево (плански период 2021 – 2031 година).

Границата на планскиот опфат го опфаќа селото Норово, КО Норово, Општина Крушево.



Од најсеверната точка на планскиот опфат, границата на планскиот опфат се движи по северната граница на КП 334, се совпаѓа со северната граница на КП 335, минува низ КП 325/1, се движи по северната граница на КП 324/2, минува низ КП 1346, минува низ КП 323, минува низ КП 1337, се совпаѓа со северната граница на КП 292, се движи по северната граница на КП 291, минува низ КП 293, минува низ КП 294/1, се совпаѓа со источната граница на КП 280, се движи по источната граница на КП 294/2 и КП 294/3, минува низ КП 282, минува низ КП 267 и КП 266, минува низ КП 532, минува низ КП 1352, се движи по источната граница на КП 658/1, се совпаѓа со источната граница на КП 670, се движи по северната граница на КП 670, се движи по источната граница на КП 1337 и стигнува до најисточната точка на планскиот опфат.

Од најисточната точка на планскиот опфат, границата на планскиот опфат минува низ КП 1337, се совпаѓа со јужната граница на КП 809, КП 808 и КП 807, се совпаѓа со јужната граница на КП 1351, се движи по јужната граница на КП 911/2, се движи по јужната граница на КП 902/2, се совпаѓа со јужната граница на КП 902/1 и стигнува до најјужната точка на планскиот опфат.

Од најјужната точка на планскиот опфат, границата на планскиот опфат се движи по западната граница на КП 902/1, се совпаѓа со западната граница на КП 908 и КП 909, се движи по јужната граница на КП 911/1, се совпаѓа со западната граница на КП 911/1, се движи по јужната граница на КП 918, се совпаѓа со западната граница на КП 918, минува низ КП 1347, се движи по западната граница на КП 1357, се совпаѓа со јужната граница на КП 786, се движи по јужната граница на КП 785, минува низ КП 780, се совпаѓа со јужната граница на КП 779, минува низ КП 775, се движи по западната граница на КП 775, минува низ КП 770, минува низ КП 769, се совпаѓа со западната граница на КП 746, се движи по западната граница на КП 747/3, се совпаѓа со јужната граница на КП 745, се совпаѓа со јужната граница на КП 744, се движи по источната граница на КП 743, се совпаѓа со јужната граница на КП 743, се совпаѓа со јужната граница на КП 480/1, се движи по источната граница на КП 749, минува низ КП 749, минува низ КП 1350/1, минува низ КП 454/1, се движи по западната граница на КП 454/1, се совпаѓа со западната граница на КП 455/1 и КП 455/2, се совпаѓа сп јужната граница на КП 438/2, се движи по западната граница на КП 438/2 и стигнува до најзападната точка на планскиот опфат.

Од најзападната точка на планскиот опфат, границата на планскиот опфат се совпаѓа со западната граница на КП 442, се движи по западната граница на КП 440, се движи по западната граница на КП 436, минува низ КП 445, се движи по источната граница на КП 444, минува низ КП 1339, се движи по западната граница на КП 338/2, се движи по западната граница на КП 338/1, се движи по западната граница и минува низ КП 349, се движи по западната граница на КП 334 и се совпаѓа со северната граница на КП 334 и стигнува до најсеверната точка на планскиот опфат.

Вкупната површина во границите на планскиот опфат изнесува 70 ха.

Јавната анкета се организира со излагање на планот во Центарот за информирање на граѓаните на Општина Крушево, во просториите на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево, соба број 23, секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот како и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат, а ќе трае 15 дена, почнувајќи од 16.03.2026 година до 31.03.2026 година. Во исто време ќе се спроведува и во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам, а ќе биде објавена и на веб страната на општината www.krusevo.gov.mk.

Јавната презентација како стручно презентирање на планот, се организира во рамките на јавната анкета и трае еден работен ден, а ќе се одржи на 25.03.2026 година (среда), во 12:00 часот, просториите на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево.

Сите заинтересирани субјекти, физички и правни лица во предвидениот рок, на анкетни листови ќе можат да ги доставаат своите забелешки, мислења и предлози по предлогот на планот. Анкетните листови можат да се подигнат во соба број 23 секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот.

**Општина Крушево**
**Градоначалник,**

**Нико Чонески**